Врз основа на член 64-г став (3) од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20 и 78/25), министерот за образование и наука донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за начинот на следење и вреднување на работата на наставниците

Член 1

Со овој правилник се утврдува начинот на следење и вреднување на работата на наставниците во средните училишта.

Член 2

Следењето и вреднувањето на наставниците во однос на квалитетот на работата и постигањето на компетенциите и стандардите на наставниците се врши од страна на Бирото за развој на образованието/Центарот за развој на стручното образование и од страна на директорот на училиштето.

Член 3

По барање на Комисијата за исполнетоста на професионалните станадарди за кандидатите за наставник-ментор или наставник-советник (во натамошниот текст: Комисијата), од страна на Бирото за развој на образованието/Центарот за развој на стручното образование се спроведува увид во збирката на докази за професионалната пракса, како и непосредно следење на планирањето, организацијата и реализацијата на наставата и другата воспитно-образовна работа, на секој поединечен кандидат.

Член 4

Бирото за развој на образованието/Центарот за развој на стручното образование во утврдениот рок, до Комисијата доставува оценка за исполнетоста на стандардите за секој кандидат.

Оценката за исполнетоста на професионалните стандарди за наставник-ментор се води на образец кој е даден во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Оценката за исполнетоста на професионалните стандарди за наставник-советник се води на образец кој е даден во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Најголемиот број на бодови добиени од Оценката за исполнетоста на професионалните стандарди е 80 за звањето наставник-ментор, односно 100 за звањето наставник-советник.

Член 5

Училиштето во кое е ангажиран кандидатот, по барање на Комисијата, изготвува мислење за секој кандидат.

Член 6

Училиштето во кое работи кандидатот, во утврдениот рок, до Комисијата доставува мислење за исполнетоста на стандардите од став 1 на овој член, за секој кандидат.

Мислењето за исполнетоста на професионалните стандарди за наставник-ментор се води на образец кој е даден во Прилог 3 и е составен дел на овој правилник.

Мислењето за исполнетоста на професионалните стандарди за наставник-советник се води на образец кој е даден во Прилог 4 и е составен дел на овој правилник.

Од страна на училиштето се дава мислење врз основа на податоците со кои располага тимот за професионален развој во училиштето, мислењето на наставниците, мислењето на родителите и мислењето на учениците.Мислењето од училиштето се потпишува од страна на директорот на училипштето.

Најголемиот број на бодови добиени од Мислењето за исполнетоста на професионалните стандарди на наставникот од средното училиште е 20 за звањето наставник-ментор, односно 25 за звањето наставник-советник.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

**Број 18-9121/1** **Министер за образование и наука,**

**30. 06.2025 година** **проф. д-р Весна Јаневска, с.р.**

Прилог 1

Архивски бр.________________
Датум______________________

# Оценка за исполнетоста на професионалните стандарди за наставник-ментор[1]

**Наставник**_____________________________________________________
**Наставен предмет**______________________________________________
**Училиште**_____________________________________________________
**Врз основа на увидот во збирката на докази за професионалната пракса и непосредното следење на планирањето, организацијата и реализацијата на наставата и другата воспитно-образовна работа, наставникот/чката ги доби следните бодови по подрачја:**

| **Подрачје 1. ПОУЧУВАЊЕ И УЧЕЊЕ** | **Макси-мални бодови** | **Добиени бодови** |
|---|---|---|
| **1.1. ПЛАНИРАЊЕ И ПОДГОТОВКА** | | |
| Го планира поучувањето и учењето според наставните програми и пропишаните стандарди и според потребите на учениците | 1 | |
| Вградува трансверзални и меѓупредметни цели во планирањата | 1 | |
| Избира и подготвува активности, наставни средства, работни материјали во согласност со планираните цели/резултати од учење | 1 | |
| Избира и подготвува инструменти за следење на учениците во согласност со планираните цели/резултати од учење | 1 | |
| Планира врз основа на рефлексијата на сопствената работа | 1 | |
| Ги анализира планирањата по наставниот предмет на ниво на училиште и предлага подобрувања | 2 | |
| Креира иновативни проекти на ниво на училиште | 2 | |
| Креира развојни политики на училиштето | 2 | |
| **ВКУПНО** | **11** | |
| **1.2. РЕАЛИЗАЦИЈА** | | |
| Процесот на настава и учење го фокусира на ученикот | 1 | |
| Користи современи приоди кои се во согласност со целите на наставата/резултати од учењето | 1 | |
| Користи ефективни методи и техники во наставата | 1 | |
| Применува современи наставни средства и помагала | 1 | |
| Ја поврзува предметната содржина со други предмети и содржини | 1 | |

[1] Образецот го пополнуваат советници од Бирото за развој на образованието, односно Центарот за развој на стручното образование

| | | |
|---|---|---|
| Ја поврзува предметната содржина со практичната примена во секојдневниот живот и ги прави содржините релевантни за учениците | 1 | |
| Ја прави наставата интересна и поттикнува интерес кај учениците за учење на наставниот предмет | 1 | |
| Поучувањето и учењето го прилагодува на ситуацијата и контекстот | 2 | |
| Создава и одржува отворена и стимулативна клима која поттикнува истражување, учење и независност | 2 | |
| Користи пристапи во работата со кои кај учениците развива повисоки нивоа на мислење и решавање проблеми | 2 | |
| Реализира активности со кои се проширува знаењето на учениците (домашна работа, посети, екскурзии, соработка, проекти, итн.) | 1 | |
| Користи диференциран и индивидуализиран пристап во воспитно-образовната работа | 2 | |
| Користи ефективни форми, методи и техники во вонаставните активности | 1 | |
| Спроведува иновативни проекти на ниво на училиште | 1 | |
| **ВКУПНО** | **18** | |
| **1.3. ОЦЕНУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ** | | |
| Избира и применува стратегии за оценување соодветни на целите/резултатите од учење | 1 | |
| Ги информира родителите/старателите за напредокот на нивното дете, редовно и квалитетно | 1 | |
| Ги анализира и интерпретира податоците од оценувањето и ги користи за планирање на понатамошното учење на учениците | 2 | |
| Користи современи и различни методи на формативно и сумативно следење и оценување | 2 | |
| Систематски го следи напредувањето на учениците, ги бележи сознанијата и им дава квалитетна повратна информација | 2 | |
| Ги вклучува учениците во оценувањето и создава позитивна клима за да може да ги покажат своите постигања | 2 | |
| Ги користи резултатите од надворешните мерења на постигањата на учениците (национални и меѓународни) за подобрување на наставата | 2 | |
| Развива критериуми и инструменти за оценување на ниво на училиште | 2 | |
| Ги подготвува и мотивира учениците за постигнување високи резултати | 2 | |
| **ВКУПНО** | **16** | |
| **1.4. ПОЗНАВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ И ИЗЛЕГУВАЊЕ ВО ПРЕСРЕТ НА НИВНИТЕ ПОТРЕБИ** | | |
| Ги води учениците низ процесот на учење и развива позитивно однесување кон себе и другите | 2 | |
| Ги сослушува и почитува ставовите, мислењата и интересите на учениците | 2 | |
| Начините на работа ги прилагодува на развојните карактеристики, стилови и стратегии на учење на учениците | 2 | |
| Им помага на учениците да станат свесни за процесот за сопственото учење и ги оспособува учениците за самостојно учење и истражување | 2 | |
| Користи приоди во работата согласно на потребите, можностите и интересите на учениците и успешните практики ги споделува со колегите | 2 | |
| **ВКУПНО** | **10** | |

| | | |
|---|---|---|
| **Подрачје 2. СОЗДАВАЊЕ СТИМУЛАТИВНА СРЕДИНА ЗА УЧЕЊЕ** | | |
| **2.1. СОЗДАВАЊЕ БЕЗБЕДНА И СТИМУЛАТИВНА СРЕДИНА ЗА УЧЕЊЕ** | | |
| Создава стимулативна и безбедна средина за учење во училницата; | 1 | |
| Го организира просторот за учење во согласност со видот на активностите и интересите на учениците | 1 | |
| Придонесува во создавање на стимулативна средина за учење во училиштето | 2 | |
| Иницира и реализира разновидни воннаставни и вонучилишни активности со учениците | 1 | |
| ИКТ ја става во функција на постигнување на целите на наставата/резултатите од учење | 1 | |
| Се грижи за безбедно користење на ИКТ од страна на учениците | 1 | |
| **ВКУПНО** | **7** | |
| **2.2. УЧИЛИШНА КЛИМА** | | |
| Создава позитивна работна клима во училницата во согласност со потребите на сите ученици | 1 | |
| Ја почитува личноста на ученикот, ја поттикнува и развива неговата самодоверба и самопочитување | 1 | |
| Поттикнува и поддржува тимска работа кај учениците | 1 | |
| Користи соодветен стил на комуникација со учениците | 1 | |
| Користи разновидни средства за комуникација (е-пошта, блогови, социјални мрежи и др.) | 1 | |
| Придонесува за почитување на различностите, мултикултурализмот, интеркултурализмот и меѓуетничка интеграција на учениците | 1 | |
| Создава услови за демократска партиципација на учениците | 1 | |
| **ВКУПНО** | **7** | |
| **Подрачје 3. СОЦИЈАЛНА И ОБРАЗОВНА ИНКЛУЗИЈА** | | |
| Учествува во процесот на идентификација на специфичните образовни потреби на учениците заедно со стручната служба | 1 | |
| Ги подготвува учениците да ги прифатат децата од ранливи групи и децата со посебни образовни потреби | 2 | |
| Учествува во тимови за изработка на индивидуални образовни планови | 2 | |
| Користи стратегии кои промовираат почитување на разликите и демократските вредности | 2 | |
| Работи во училишни инклузивни тимови (училиштен инклузивен тим, тим за училишна интеграција, и др.) | 2 | |
| Развива пристапи за градење на инклузивно училиште | 2 | |
| **ВКУПНО** | **11** | |
| **ВКУПНО ОД СИТЕ ПОДДРАЧЈА** | **80** | |

Со добиени вкупно __________ бодови, наставникот ги задоволи/не ги задоволи минималниот број бодови за исполнетоста на професионалните стандарди за наставник-ментор.

Установа ____________________________________________________________________________

Изготвил ____________________________________________________________________________

(име и презиме на советник) (потпис)

Контролирал ____________________________________________

Одобрил________________________________________________

Директор _______________________________________________

М.П.

Прилог 2

Архивски бр.________________
Датум______________________

# Оценка за исполнетоста на професионалните стандарди за наставник-советник

**Наставник-ментор**__________________________________________________
**Наставен предмет**____________________________________________
**Училиште**____________________________________________________
**Врз основа на увидот во збирката на докази за професионалната пракса и непосредното следење на планирањето, организацијата и реализацијата на наставата и другата воспитно-образовна работа, наставникот/чката ги доби следните бодови по подрачја:**

| **Подрачје 1. ПОУЧУВАЊЕ И УЧЕЊЕ** | **Макси-мални бодови** | **Добиени бодови** |
|---|---|---|
| **1.1. ПЛАНИРАЊЕ И ПОДГОТОВКА** | | |
| Го планира поучувањето и учењето според пропишаните програми и стандарди и според потребите на учениците | 1 | |
| Избира и подготвува активности, наставни средства, работни материјали во согласност со планираните цели/резултати од учење | 1 | |
| Избира и подготвува инструменти за следење на учениците во согласност со планираните цели/ резултати од учење | 1 | |
| Планира врз основа на рефлексијата на сопствената работа. | 1 | |
| Ги анализира планирањата по наставниот предмет на ниво на училиште и предлага подобрувања | 2 | |
| Креира развојни политики на училиштето | 2 | |
| Води подрачја за развојното планирање на училиштето | 2 | |
| **ВКУПНО** | **10** | |
| **1.2. РЕАЛИЗАЦИЈА** | | |
| Процесот на настава и учење го фокусира на ученикот | 1 | |
| Користи современи приоди и методи кои се во согласност со целите на наставата/резултатите од учењето | 1 | |
| Промовира современи приоди во наставата пред пошироката професионална заедница | 2 | |
| Создава и пилотира современи наставни средства и материјали | 2 | |
| Ја поврзува предметната содржина со други предмети и содржини | 1 | |
| Ја поврзува предметната содржина со практичната примена во секојдневниот живот и ги прави содржините релевантни за учениците | 1 | |

| | | |
|---|---|---|
| Ја прави наставата интересна и поттикнува интерес кај учениците за учење на наставниот предмет | 1 | |
| Поучувањето и учењето го прилагодува на ситуацијата и контекстот. | 1 | |
| Создава и одржува отворена и стимулативна клима која поттикнува истражување, учење и независност | 2 | |
| Развива кај учениците вештините за повисоки нивоа на мислење и решавање проблеми | 2 | |
| Реализира активности со кои се проширува знаењето на учениците (домашна работа, посети, екскурзии, соработка, проекти, итн.) | 2 | |
| Користи диференциран и индивидуализиран пристап во воспитно-образовната работа | 1 | |
| Користи ефективни форми, методи и техники во воннаставните активности | 1 | |
| Креира и спорведува иновативни проекти на ниво на училиште | 1 | |
| Осмислува и спроведува иновативни проекти во соработка со други стручни национални и меѓународни институции | 2 | |
| Воведува современи приоди во наставата во пошироката професионална заедница | 2 | |
| Помага на колегите во креирање на примери на добра практика преку реализација на отворени часови | 1 | |
| Реализира акциски истражувања во кои вклучува и други наставници и/или стручни соработници | 2 | |
| Менторира студенти од факултетите за наставници | 2 | |
| **ВКУПНО** | **28** | |
| **1.3. ОЦЕНУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ** | | |
| Избира и применува стратегии за оценување соодветни на целите/резултатите од учењето | 1 | |
| Ги информира родителите/старателите за напредокот на нивното дете, редовно и квалитетно | 1 | |
| Ги анализира и интерпретира податоците од оценувањето и ги користи за планирање на понатамошното учење на учениците | 1 | |
| Користи современи и различни методи на формативно и сумативно следење и оценување | 1 | |
| Систематски  го следи напредувањето на учениците, ги бележи сознанијата и им дава квалитетна повратна информација | 1 | |
| Ги вклучува учениците во оценувањето и создава позитивна клима за да може да ги покажат своите постигања | 1 | |
| Ги користи резултатите од надворешните мерења на постигањата на учениците (национални и меѓународни)  за подобрување на наставата | 2 | |
| Развива критериуми и инструменти за оценување на ниво на училиште | 2 | |
| Ги подготвува и мотивира учениците за постигнување високи резултати | 2 | |
| Изговува инструменти, стандарди и извештаи за оценување на национално ниво | 2 | |

| | | |
|---|---|---|
| Прави статистички анализи на резултатите на учениците и ги користи за унапредување на воспитно - образовниот процес | 2 | |
| **ВКУПНО** | **16** | |
| **1.4. ПОЗНАВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ И ИЗЛЕГУВАЊЕ ВО ПРЕСРЕТ НА НИВНИТЕ ПОТРЕБИ** | | |
| Ги води учениците низ процесот на учење и развива позитивно однесување кон себе и другите | 1 | |
| Ги сослушува и почитува ставовите, мислењата и интересите на учениците | 2 | |
| Начините на работа ги прилагодува на развојните карактеристики, стилови и стратегии на учење на учениците | 2 | |
| Им помага на учениците да станат свесни за процесот за сопственото учење и ги оспособува учениците за самостојно учење и истражување | 2 | |
| Користи диференциран приод во наставата и ги споделува искуствата со наставниците и/или стручните соработници | 2 | |
| Учествува во креирање образовни политики во интерес на учениците на ниво на општина | 2 | |
| **ВКУПНО** | **11** | |
| **Подрачје 2. СОЗДАВАЊЕ СТИМУЛАТИВНА СРЕДИНА ЗА УЧЕЊЕ** | | |
| **2.1. СОЗДАВАЊЕ БЕЗБЕДНА И СТИМУЛАТИВНА СРЕДИНА ЗА УЧЕЊЕ** | | |
| Креира стратегии  против дискриминација и за превенција на насилно однесување и врсничко насилство (булинг) во училиштето и заедницата | 2 | |
| Презема инцијативи за физичката безбедност на учениците во училиштето и заедницата | 2 | |
| Го организира просторот за учење во согласност со видот на активностите и интересите на учениците | 1 | |
| Користи разни извори, материјали и средства во процесот на учење вклучувајќи и безбедно користење на ИКТ | 1 | |
| Заедно со своите ученици учествува во различни училишни и вонучилишни активности | 1 | |
| ИКТ ја става во функција на постигнување на целите на наставата/резултатите од учењето | 1 | |
| **ВКУПНО** | **8** | |
| **2.2. УЧИЛИШНА КЛИМА** | | |
| Создава позитивна работна клима во училницата и училиштето во согласност со потребите на сите ученици | 2 | |
| Ја почитува личноста на ученикот, ја поттикнува и развива неговата самодоверба и самопочитување | 1 | |
| Поттикнува и подржува тимска работа кај учениците | 1 | |
| Користи соодветен стил на комуникација со учениците | 1 | |

| | | |
|---|---|---|
| Користи разновидни средства за комуникација (е-пошта, блогови, социјални мрежи...) | 1 | |
| Создава клима во училиштето и надвор од него што се карактеризира со отвореност, меѓусебна почит и соработка | 2 | |
| Спроведува активности со кои го промовира училиштето во пошироката заедница | 2 | |
| Развива стратегии и активности за мултикултурализам, интеркултурализам и меѓуетничка интеграција и демократско учество, на регионално и национално ниво | 2 | |
| **ВКУПНО** | **12** | |
| **Подрачје 3. СОЦИЈАЛНА И ОБРАЗОВНА ИНКЛУЗИЈА** | | |
| Учествува во процесот на идентификација на специфичните образовни потреби заедно со стручната служба | 2 | |
| Ги подготвува учениците да ги прифатат децата од ранливи групи и децата со посебни образовни потреби | 1 | |
| Учествува во тимови за изработка на индивидуални образовни планови | 2 | |
| Користи стратегии кои промовираат почитување на разликите и демократските вредности | 2 | |
| Работи во училишни инклузивни тимови (училиштен инклузивен тим, тим за училишна интеграција, и др.) | 2 | |
| Развива пристапи за градење на инклузивно училиште | 2 | |
| Придонесува за инклузија на учениците во пошироката заедница | 2 | |
| Ја прилагодува наставата за реализација во домашни услови, воспитно-поправните, казнено-поправните и здравствените установи | 2 | |
| **ВКУПНО** | **15** | |
| **ВКУПНО ОД СИТЕ ПОДДРАЧЈА** | **100** | |

Со добиени вкупно __________ бодови, наставникот ги задоволи/не ги задоволи минималниот број бодови за исполнетоста на професионалните стандарди за наставник-советник.

Установа ____________________________________________________________________

Изготвил ___________________________________________________________________

(име и презиме на советник) (потпис)

Контролирал ____________________________________________

Одобрил________________________________________________

Директор _______________________________________________

М.П.

Прилог 3

Архивски бр.________________

Датум______________________

# Мислење на училиштето за исполнетоста на стандардите за наставник – ментор

**Училиште**______________________________________________-___________________________

(место)

**Наставник**______________________________________________

**Наставен предмет**________________________________________

| Подрачје: ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА | Макси-мални бодови | Добиени бодови |
|---|---|---|
| Личниот план за професионален развој е изготвен согласно идентификуваните потреби | 1 | |
| Континуирано ја унапредува сопствената педагошка пракса врз основа на следењето на промените и новините во системот на образование и врз основа на рефлексија и самоевалуација | 1 | |
| Реализира индивидуално и заеднички истражувања (пр.акциски истражувања) за подобрување на наставните практики | 1 | |
| Развива училишни стратегии за професионален развој | 1 | |
| Придонесува за професионалниот развој на колегите | 1 | |
| Ја почитува професионалната етика и одговорно се однесува кон задолженијата и кон колегите | 1 | |
| Соработува со стручни работници, лица, установи, организации и компании-фирми во и надвор од училиштето | 1 | |
| Активно промовира колегијални односи и соработува со колегите | 1 | |
| Членува во професионални здруженија на наставници | 1 | |
| Промовира и практикува модели на етичко однесување во сите видови на професионална комуникација (со учениците, колегите и пошироката заедница) | 1 | |
| **ВКУПНО** | **10** | |
| **Подрачје: КОМУНИКАЦИЈА И СОРАБОТКА СО СЕМЕЈСТВОТО[2] И ЗАЕДНИЦАТА** | | |
| Комуницира со семејствата на учениците на соодветен начин со почит и внимание | 1 | |
| Соработува со семејствата и членовите на заедницата во работата на училиштето | 1 | |
| Предлага и реализира нови начини и содржини за соработката на училиштето со семејството и локалната заедница | 1 | |
| **ВКУПНО** | **3** | |

[2] Се подразбираат сите видови на семејства, старатели и одговорни лица во домовите во кои живеат учениците

| **Подрачје: ЗАДОВОЛСТВО НА УЧЕНИЦИТЕ ОД РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА** | | |
|---|---|---|
| Наставата ја прави интересна и разбирлива | 1 | |
| Верува дека секој ученик може да научи и да постигнува подобри резултати | 1 | |
| Користи различни начини да го провери знаењето | 1 | |
| Редовно следи како учениците напредуваат и ги упатува како да учат за да имаат подобри резултати | 1 | |
| Им овозможува на учениците да ги покажат своите знаења и ги вклучува во оценувањето | 1 | |
| Развива позитивно однесување на учениците кон себе си и кон другите | 1 | |
| Ги сослушува и почитува ставовите, мислењата и интересите на учениците | 1 | |
| **ВКУПНО** | **7** | |
| **ВКУПНО ОД СИТЕ ПОДДРАЧЈА** | **20** | |

Со добиени вкупно __________ бодови, наставникот ги задоволи/не ги задоволи минималниот број бодови за исполнетоста на професионалните стандарди за наставник-ментор.

Училиште _______________________________________________

Тим за професионален развој на училиштето

_______________________________________________________________
(име и презиме) (потпис)

_______________________________________________________________
(име и презиме) (потпис)

_______________________________________________________________
(име и презиме) (потпис)

_______________________________________________________________
(име и презиме) (потпис)

_______________________________________________________________
(име и презиме) (потпис)

_______________________________________________________________
(име и презиме) (потпис)

Директор _______________________________________________________
(име и презиме) (потпис)

М.П.

Датум______________________________

Прилог 4

Архивски бр.________________
Датум______________________

# Мислење на училиштето за исполнетоста на стандардите за наставник - советник

**Училиште**______________________________________________-___________________________
(место)

**Наставник-ментор**_______________________________________
**Наставен предмет**_______________________________________

| **Подрачје: ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА** | **Макси-мални бодови** | **Добиени бодови** |
|---|---|---|
| Личниот план за професионален развој е изготвен согласно идентификуваните потреби | 1 | |
| Континуирано ја унапредува сопствената педагошка пракса врз основа на следењето на промените и новините во системот на образование и врз основа на рефлексија и самоевалуација | 1 | |
| Реализира индивидуално и заеднички истражувања (пр.акциски истражувања) за подобрување на наставните практики | 1 | |
| Развива училишни стратегии за професионален развој | 1 | |
| Придонесува за професионалниот развој на колегите | 1 | |
| Развива програми за професионален развој во училиштето | 1 | |
| Ја почитува професионална етика и одговорно се однесува кон задолженијата и кон колегите | 1 | |
| Соработува со стручни работници, лица, установи, организации и компании-фирми во и надвор од училиштето | 1 | |
| Активно промовира колегијални односи и соработува со колегите | 1 | |
| Членува во професионални здруженија на наставници | 1 | |
| Промовира и практикува модели на етичко однесување во сите видови на професионална комуникација (со учениците, колегите и пошироката заедница) | 1 | |
| Развива и применува стратегии и документи за професионален развој на регионално и национално ниво | 1 | |
| Иницира создавање на регионални тимови за учење и на професионални мрежи за размена на искуства и има водечка улога | 1 | |
| **ВКУПНО** | **13** | |
| **Подрачје: КОМУНИКАЦИЈА И СОРАБОТКА СО СЕМЕЈСТВОТО[3] И ЗАЕДНИЦАТА** | | |
| Комуницира со семејствата на соодветен начин со почит и внимание | 1 | |
| Соработува со семејствата и членовите на заедницата во работата на училиштето | 1 | |
| Предлага и реализира нови начини и содржини за соработката на училиштето со семејството и локалната заедница | 1 | |
| Гради партнерства на училиштето со локалната заедница за општествена одговорност | 1 | |

[3] Се подразбираат сите видови на семејства, старатели и одговорни лица во домовите во кои живеат учениците

| | | |
|---|---|---|
| **ВКУПНО** | **4** | |
| **Подрачје: ЗАДОВОЛСТВО НА УЧЕНИЦИТЕ ОД РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА** | | |
| Наставата ја прави интересна и разбирлива | 1 | |
| Верува дека секој ученик може да научи и да постигнува подобри резултати | 1 | |
| Користи различни начини да го провери знаењето | 1 | |
| Редовно следи како учениците напредуваат и ги упатува како да учат за да имаат подобри резултати | 1 | |
| Им овозможува на учениците да ги покажат своите знаења и ги вклучува во оценувањето | 1 | |
| Развива позитивно однесување на учениците кон себе си и кон другите | 1 | |
| Ги сослушува и почитува ставовите, мислењата и интересите на учениците | 1 | |
| Им помага на учениците да се афирмираат со нивните постигања и надвор од училиштето | 1 | |
| **ВКУПНО** | **8** | |
| **ВКУПНО ОД СИТЕ ПОДДРАЧЈА** | **25** | |

Со добиени вкупно __________ бодови, наставникот ги задоволи/не ги задоволи минималниот број бодови за исполнетоста на професионалните стандарди за наставник-советник.
Училиште _______________________________________________
Тим за професионален развој на училиштето:

_______________________________________________________________
(име и презиме) (потпис)

_______________________________________________________________
(име и презиме) (потпис)

_______________________________________________________________
(име и презиме) (потпис)

_______________________________________________________________
(име и презиме) (потпис)

_______________________________________________________________
(име и презиме) (потпис)

_______________________________________________________________
(име и презиме) (потпис)

Директор _______________________________________________________
(име и презиме) (потпис)

М.П.

Датум______________________________